**ПРОЕКТ „ЕВРОПА НА ВРАТА" бр.606280-CITIZ-1-2018-2-PT-CITIZ-NT**

Краток опис:

Проектот „Европа на врата" го спроведува локалната самоуправа Вила Боа до Бишпо од Португалија, заедно со партнерските организации, општини и институции од Бугарија, Полска, Латвија, Србија, Грција, Северна Македонија, Италија, Хрватска,Шпанија и Романија.

Главна цел на проектот е да воспостави соработка, размена и искуство, да ги зголемат капацитетите на вклучените општини, на државите кои се веќе членки во ЕУ и градови од земји кои претендираат да бидат членки. Тоа значи, преку 6-те заеднички средби, да се воспостави контакт меѓу различните општини, да се приближат идните можни соработки, со цел да се добијат заеднички проекти на искористување на фондовите на ЕУ, да се најдат блискостите на можна соработка и подетално запознавање и да се постави база на соработка преку познанства, односно човечки ресурси.

Во рамките на проектот се одржаа 6 сесии со одредена тематика во различни градови и држави.

**Прва сесија: 18-21.02.2019 Локација: Вила Боа до Бишпо, Португалија**

Целта на настанот беше да се воспостави партнерство меѓу организациите и општините, да се запознаат едни со други, да се презентира и дискутира за проектот и планот за партнерство, да се презентира проектот пред медиумите и јавноста, како и да се договорат идните чекори во спроведувањето на проектот.

**Втора сесија: 23-26.04.2019 Локација: Злоторија, Полска**

Целта на настанот беше обука на идните водачи на заедницата и развој на план за активности за изборите во ЕУ 2019 година, во земјите членки на ЕУ. Покрај тоа, беа организирани јавни сесии. За време на изборите за Европарламент, секоја партнер-организација ги претстави спроведените локални кампањи, користејќи ја централизираната кампања што е дадена на мрежната платформа и врши мониторинг и истражување на овој процес, заснован на резултатите од настанот.

**Трета сесија: 17-20.06.2019 Локација: Трикала, Грција**

Целта на настанот беше да се презентираат и дискутираат примери на добри практики, резултати, повратни информации и искуство од истражувањето и спроведувањето на локалните кампањи.

**Четврта сесија: 15-18.10.2019 Локација: Талин, Естонија**

Целта на настанот беше да се откријат и дискутираат локалните реалности, како и да се одржи Саем на алатки од страна на советот на локалната заедница. Учесниците подготвија алатки што можат да се користат или кои се потребни за работа во областа на темата на проектот, посетија различни организации, проекти, институции и заедници кои се занимаваат со оваа тема.

**Петта сесија: 25-28.11.2019 Локација: Белград, Србија**

Целта на настанот беше учесниците да бидат домаќини на лидерите на заедниците, претставниците на советите на заедниците и другите засегнати страни од вклучените заедници и да им се обезбеди можност да ги презентираат резултатите од проектот пред јавноста, институциите, донесувачите на одлуки и другите засегнати страни. Во него беа вклучени и претставници на делегацијата на ЕУ, националниот орган за интеграција во ЕУ, дипломатскиот кор, граѓанското општество, медиумите и другите засегнати страни, заедно со останатите граѓани од институции релевантни за интеграција во ЕУ на земјите кандидати од регионот.

**Шеста сесија: 22-25.01.2020 Локација: Битола, РСМ**

Целта на настанот беше да се одржи комплексна проценка на проектот, неговите активности и резултати, како и да се планираат активности за дисеминација и идна соработка меѓу партнерите.

Средбите има за цел преку активности да ги прикажат бенефитите од заедничката перспектива за своите граѓани. Главната целна група се младите луѓе кои покажуваат најмногу евроскептицизам, кои се под најголем ризик од популизам и радикализација, како и други граѓани, бидејќи забележано е дека негативниот став кон ЕУ се зголемува.

Најрелевантниот посакуван резултат е онлајн платформа за зголемена европска свест од различни засегнати страни во Европа, зголемување на капацитетите на вклучени заедници, развивање соработка и предложени политики.